**Општина Охрид**
**Градоначалник**

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник Р.М. “ бр. 5/02) и член 34 од Статутот Општина Охрид (,,Службен гласник на Општина Охрид “ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 14/14 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за младинско учество и младински политики (Сл. Весник на РМ 10/20), Правилникот за стандарди за квалитет младински центри бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година, донесен од Агенцијата за млади и спорт, Одлука бр. 08-7251/10 од 22.07.2021 година за одстапување на времено користење простор и спроведување на постапка за формирање на Младински центар – Охрид, Одлука за изменување и доплнување за одстапување на времено користење простор и спроведување на постапка за формирање на Младински центар – Охрид бр.08-1172814 од 24.11.2021 година, како и одлуката за изменување и дополнување на одлуката за отстапување на времено користење простор и спроведување на постапка за формирање на Младински центар – Охрид бр.08-18774/53 од 27.12.2023 година донесена од страна на Советот на општина Охрид, како и врз основа на Правилникот за начинот, критериумите и постапката за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид.
Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следното:

**РЕШЕНЕИЕ**
**за формирање на комисија**

1. Се формира Комисија за отварање ,разгледување и одлучување по пристигнати пријави на ,, Јавниот повик за начинот, постапката и критериумите за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар – Охрид”. Комисијата ќе работи во следниот состав:
   - Јоне Станковски- Претседател
   - Александар Митрески- Член
   - Александра Белевска Танкоска- Член
   - Игор Јосифосски- Член( Локален младински совет)
   - Дејан Ангелоски- Член( Локално собрание на млади)

Комисијата има обврска да ја спроведе постапката по ,, Јавен повик за избор на младинска организација кој ќе раководи со Младинскиот центар – Охрид , да ги прибере поднесените барања, да ги обработува истите и за оние баратели кои ги исполнуваат условите по објавениот јавен повик, да му предложи на Градоначалникот на општина Охрид да склучи договор. Комисијата при спроведување на постапката е должна да го користи Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на младинска организација која ќе раководи со младинскиот центар Охрид;

2. Ова решение влегува на сила од денот на неговото донесување.

Доставено до:
-Членовите на комисијата
-Архивата

**Општина Охрид**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков**